Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18 и „Службен Весник на Република С.Македонија бр. 275/19; 14/20, 215/21 и 99/22 ), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за избор на административни службеници по Интерен оглас бр.01/2022

1. Во постапката за унапредување на административни службеници преку интерен оглас бр.01/2022 година, за извршител на работното место:

- УПР 0101Б04000–Раководител на одделение за буџетска координација,Одделение за буџетска координација во Сектор за финансиски прашања, се избира кандидатот **Златко Брњарчевски;**

- УПР 0101Б04000- Раководител на одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка за ЕУ програми и ЈПП, Сектор за економски одржлив развој, се избира кандидатот **Васка Митровска;**

- УПР 0101Б04000 – Раководител на одделение за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување, Одделение за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување, Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности, се избира кандидатот **Тони Пројковски.**

2. Одлуката за избор на административните службеници по Интерен оглас бр.01/2022 се доставува до кандидатите и се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Општина Ѓорче Петров на ден 28.10.2022 година објави Интерен оглас бр.01/2022 за унапредување на административни службеници на работно место УПР0101Б04000–Раководител на одделение за буџетска координација, Одделение за буџетска координација во Сектор за финансиски прашања (1) извршител; УПР 0101Б04000- Раководител на одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка за ЕУ програми и ЈПП, Сектор за економски одржлив развој (1) извршител; УПР 0101Б04000 – Раководител на одделение за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување, Одделение за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување, Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности (1) извршител.

Со Решение бр.04 –2023/9 од 31.10.2022 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување која ја спроведе постапката по објавениот интерен оглас.

Комисијата за селекција за унапредување на ден 02.11.2022 година спроведе административна селекција за интерен оглас видно од Записник од административна селекција за интерен оглас бр. 04-2023/10 од 02.11.2022 година и интервју на кандидатите видно од Записник од работата на Комисијата за

селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-2023/11 од 02.11.2022 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Комисијата за селекција за унапредување подготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и до Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров достави предлог листа за избор на кандидат заради избор на кандидат односно донесување на Одлука за избор.

Градоначалникот по разгледувањето на предлог листата за избор на кандидати, врз основа на законските прописи, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Општина Ѓорче Петров.

Број 09-2023/15
од 04.11.2022 год.
Скопје

Општина Ѓорче Петров
Градоначалник
Александар Стојкоски

Доставено до:
-кандидатите;
-одд.за управување со чов.ресурси;
-архива.